СТ-78/17

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА со стечајниот судија Лазо Ѓоргоноски, постапувајќи по предлогот на предлагачот Илија Божиноски од Струга, поднесен преку полномошник адвокат Ѓоко Томоски, за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Друштво за производство,трговија и услуги Божиноски Илија БОБИ увоз-извоз ДООЕЛ Струга со седиште во Струга, вон рочиште, на ден 27.09.2017 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Према стечајниот должник Друштво за производство,трговија и услуги Божиноски Илија БОБИ увоз-извоз ДООЕЛ Струга со седиште во Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 4767837, даночен број 4026993100866, со трансакциска сметка број 200000017668833 при Стопанска банка АД Скопје и трансакциска см4етка број 21 0047678370110 при НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, - **СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка за утврдување на причините за отварање на стечајна постапка.

За привремен стечаен управник се именува Садула Мифтароски од Струга, кој се задолжува да утврди дали должникот е неспособен за плаќање и дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Рочиштето за испитување на условите за отварање на стечајна постапка се закажува **за ден 25.10.2017 година во 10:15 часот,** во просториите на Основниот суд во Струга, канцеларија број 32.

На рочиштето се повикуваат предлагачот, должникот и привремениот стечаен управник.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предлагачот Илија Божиноски од Струга преку полномошник адвокат Ѓоко Томоски до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Друштво за производство,трговија и услуги Божиноски Илија БОБИ увоз-извоз ДООЕЛ Струга со седиште во Струга.

Во предлогот наведе дека друштвото имало неизмирени обврски по основ на стасани неплатени јавни давачки а сметката на должникот била блокирана со што биле исполнети условите за отворање на стечајна постапка. Побара да се поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечај.

Стечајниот судија откако го разгледа предлогот, утврди дека согласно член 51 став 9 од Законот за стечај со предлогот се доставени неопходните докази и се содржани условите за поведување на стечајна постапка.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 54 став 2 и 3 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Лазо Ѓоргоноски с.р.

ПОУКА: Согласно член 54 став 5 од ЗС против решението жалба не е дозволена

Д-ви на:
* привремениот стечаен управник
* ВЕБ страната на судот
* Централен регистар
* полномошниот на предлагачот
* должникот заедно со предлогот за поведување на стечајната постапка